# Информација во врска со порастот на цената на акциите

6-ти Септември, 2023

Почитувани,

Врз основа на Договорот за Котација помеѓу Македонска Берза и ОКТА АД – Скопје потпишан на 03/07/2013а во врска со порастот на цената на тргување на акциите на ОКТА АД – Скопје во текот на месец Август и Септември 2023 година, би сакале да го истакнеме следното:

Според член 35 точка 2 од Правилата за Котација на Македонска Берза, на 31/07/2023 година ОКТА АД – Скопје објави финансиски резултати остварени во втор квартал/прва половина2023 година, како и Соопштение за остварените значајни финансиски резултати кое информира за оперативната и финансиската ефикасност на компанијата.

Истовремено, според член 34 алинеја 7 од Правилата за Котација на Македонска Берза, информираме дека ниту еден член на Одборот на Директори на ОКТА АД – Скопје нема купувано/продавано акции.

Со оглед на горенаведеното, ОКТА АД – Скопје нема никакви дополнителни ценовно чувствителни информации што произлегуваат од Правилата за котација кои би влијаеле на било каков начин на цената на акцијата на ОКТА АД – Скопје.

**За повеќе информации:**
Огнена Ничота Стаменкова, ОКТА односи со инвеститори, ostamenkova@helpe.gr
Марија Ставрева, Комуникации и ООП, M.T.Stavreva@helpe.gr